# Изјава за ограничена гаранција на Kingston Technology

Целосните информации за гаранциите на Kingston се наведени подолу. Може да скокнете побрзо и директно на саканиот дел одбирајќи ја потребната тема од следниов список:

- **Времетраење на гаранцијата**
- **Бесплатна техничка поддршка**
- **Постапки и потреби при гарантни побарувања**
- **Оградувања**

**KINGSTON TECHNOLOGY COMPANY, INC. („Kingston“)** му гарантира на оригиналниот краен корисник купувач на своите производи наведени подолу дека истите се без неисправности на материјалот и на изработката. Зависно од условите и ограничувањата одредени подолу, Kingston, на своја сметка, ќе ги поправи или замени деловите на своите производи што ќе се јават како неисправни поради неправилна изработка или материјали. Поправените делови или заменети производи ќе ги обезбеди Kingston врз основа на размена и ќе бидат или нови или преправени да бидат функционално идентични како нови. Доколку Kingston не може да го поправи или замени производот, ќе ги врати парите колку што вреди производот во времето кога е поднесено гарантното барање.

Оваа ограничена гаранција не покрива оштетувања на производот што се резултат на неправилно местење, незгода, злоупотреба, погрешна употреба, природна непогода, недоволно или прекумерно напојување, ненормални механички или услови во околината или какво било неовластено расклопување, поправање или менување. Ограничената гаранција не важи и за производите на кои оригиналните идентификациски информации се менувани, избришани или отстранети, со кои не е ракувано правилно или што не биле спакувани правилно, биле продадени како користени или препродадени спротивно на извозните прописи на САД.

Оваа ограничена гаранција ги покрива само поправката, замената или враќањето пари за неисправни производи на Kingston, како што е опишано погоре. Kingston не одговара и со гаранцијата не покрива какво било губење податоци или евентуални трошоци поврзани со одредувањето на причината за системските проблеми, ниту за отстранувањето, сервисирањето или местењето на производите на Kingston. Гаранцијата ги исклучува софтверот од трети лица, поврзаната опрема и меморираните податоци. Во случај на побарување, Kingston има обврска само да го замени хардверот.

**Времетраење на гаранцијата**

**Доживотна гаранција†:**
Следните производи на Kingston се покриени со оваа доживотна гаранција†:

Мемориски модули, во коишто спаѓаат ValueRAM, HyperX и специфична системска меморија од Kingston, флеш мемориски картички (на пр. Secure Digital, CompactFlash, MultiMediaCard, SmartMedia) ATA Flash и Linear Flash; плочи за проширување на меморијата, мрежни адаптери; рутери, хабови и свичеви без вентилатори за ладење (исклучувајќи го напојувањето), флеш-адаптери и производи за надградување микропроцесори.

**Петгодишна гаранција:**
Следните производи на Kingston се покриени со оваа гаранција за период од пет години од датумот на првобитното купување во малопродажба: напојувања во мрежни хабови, свичеви, модеми xDSL, сервери за печатење и рутери со вентилатори за ладење; конвертори Fiber (со оптички влакна); читачи на PC Card, USB DataTraveler.

**Тригодишна гаранција:**
Следните производи на Kingston се покриени со оваа гаранција за период од три години од датумот на првобитното купување во малопродажба: Производите Datapak PC Card Hard Drive.

**Двегодишна гаранција:**
Следните производи на Kingston се покриени со оваа гаранција за период од две години од датумот на првобитното купување во малопродажба: Адаптери Solid state PC Card (PCMCIA).

**Едногодишна гаранција:**
Следните производи на Kingston се покриени со оваа гаранција за период од една година од датумот на првобитното купување во малопродажба: DataTraveler Accessory Kit (комплет прибор), читач TravelLite SD/MMC Reader и преносен плеер KPEX Portable Media Player.

Производите што веќе не се произведуваат и што не се наведени во гаранцијата веќе не се покриени бидејќи нивната гаранција е истечена.

Оваа ограничена гаранција важи само за првобитниот краен корисник купувач на производот за периодот додека крајниот корисник купувач го поседува производот. Оваа ограничена гаранција е непреносива.

**Бесплатна техничка поддршка**

Ако имате тешкотии при местењето или понатамошното користење на производ на Kingston, може да контактирате со одделот за техничка поддршка на Kingston пред да го сервисирате својот систем.

За поддршка преку интернет, одете на Kingston.com/support.

Kingston обезбедува и бесплатна техничка поддршка на англиски јазик за своите купувачи во целиот свет.

Со техничката поддршка на Kingston во САД и Канада може да контактирате директно јавувајќи се на: +1 (714) 435 2639 или бесплатниот телефонски број: +1 (800) 435-0640.

Со техничката поддршка на Kingston Technology може да контактирате јавувајќи се на +44 (0) 1932 738888 или, за телефонските броеви во одделни држави одете на www.kingston.com/ukroot/company/contact.asp#national. За техничка поддршка за меморијата ValueRAM во Европа јавете се на +44 (0) 1932 755210.

Со техничката поддршка на Kingston во Азија може да контактирате директно јавувајќи се на:

Тајван: +800-666-200
Кина: +800-810-1972
Азија (останатите земји) +886-3-564-3249

**Постапки и потреби при гарантни побарувања**

За да добиете гарантен сервис, може да го вратите неисправниот производ на овластениот продавач или дистрибутер на Kingston од кого сте го купиле производот на Kingston. Проверете ги условите за враќање на производи на вашиот продавач или дистрибутер пред враќањето на производот. Обично треба да ги наведете информациите за идентификација на производот, во коишто спаѓаат бројот на моделот и серискиот број (ако го има) со детален опис на проблемот што сте го имале. Треба да приложите и доказ за датумот на првобитното купување од малопродажба како доказ дека производот е во рамките на соодветниот гарантен рок.

Во САД може да го вратите производот директно во фабриката на Kingston откако претходно ќе добиете број на одобрението за враќање материјали (Return Material Authorization – RMA) од Kingston. Број RMA може да добиете преку страницата на интернет на Kingston.com/support или на телефонскиот број на службата за потрошувачи на Kingston на +1 (714) 438-1810 или +1 (800) 337-3719. За враќање на мемориските производи ValueRAM, контактирајте со техничката поддршка на +1 (800) 435-0640 за услуги и поддршка за RMA.

Откако ќе добиете број RMA од Kingston, мора, во рок од триесет (30) дена, да го испратите производот со платени трошоци и осигурување на адреса Kingston Technology Company, Customer Service, 17665-A Newhope Street, Fountain Valley, CA 92708, USA. Производите пратени во фабриката мора да се правилно спакувани за да се спречат оштетувања при превозот. Мора видливо да го наведете бројот Kingston RMA од надворешната страна на пакувањето. Ако го пратите својот производ во фабриката без видливо наведен број RMA од надворешната страна на пакувањето, ќе ви се врати неотворен.

Во Европа, ако не можете да го вратите производот на овластениот продавач или дистрибутер на Kingston од кого сте го купиле производот, може да го вратите производот директно на сервисниот центар на Kingston на адреса: Kingston Court, Brooklands Close, Sunbury on Thames, Middlesex, TW16 7EP, UK. **Пред да го вратите производот, мора прво да добиете број на одобрението за враќање материјали (Return Material Authorization – RMA) од Kingston. Број RMA се добива со контактирање на европската техничка поддршка преку страницата на интернет на Kingston: http://shop.kingston.com/web_rma/rma_europe.asp?no_of_kinds=1. Условите и побарувањата за начинот на превоз се исти како за враќањето со број RMA за САД наведени погоре.**

Вратениот производ ќе стане сопственост на Kingston. Поправениот или заменетиот производ ќе

се испорача на трошок на Kingston. Поправениот или заменетиот производ и понатаму ќе биде покриен со оваа ограничена гаранција за време на преостанатото време од првобитната гаранција или 90 дена, што и да е подолго.

**Оградувања**

**ТУКА НАВЕДЕНОТО Е ЦЕЛОСНАТА ГАРАНЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДИТЕ НА KINGSTON И ГИ ПОНИШТУВА СИТЕ ДРУГИ ГАРАНЦИИ И ПРЕТСТАВУВАЊА, УСНИ ИЛИ ПИСМЕНИ. ОСВЕН КАКО ШТО Е НАВЕДЕНО ПОГОРЕ, НЕ СЕ ДАВААТ ДРУГИ ГАРАНЦИИ ВО ВРСКА СО ПРОИЗВОДИТЕ НА KINGSTON И KINGSTON ИЗРИЧИТО СЕ ОГРАДУВА ОД СЕКАКВИ ГАРАНЦИИ ШТО НЕ СЕ НАВЕДЕНИ ВО ОВОЈ ДОКУМЕНТ, ВО ШТО СПАЃААТ, ВО РАМКИ НА ПОСТОЈНИТЕ ЗАКОНИ, КАКВИ БИЛО ГАРАНЦИИ ШТО МОЖЕ ДА ПОСТОЈАТ СПОРЕД НАЦИОНАЛНИТЕ, ДРЖАВНИТЕ, ПРОВИНЦИСКИТЕ ИЛИ ЛОКАЛНИТЕ ЗАКОНИ, ВО ШТО СПАЃААТ, НО НЕ СЕ ОГРАНИЧЕНИ САМО СО НИВ, И КАКВИ БИЛО ПОСРЕДНИ ГАРАНЦИИ ЗА НЕПРЕКРШУВАЊЕ, ПРЕПРОДАВАЊЕ ИЛИ СООДВЕТНОСТ ЗА ОДРЕДЕНА НАМЕНА. СИТЕ ГАРАНЦИИ, ПОСРЕДНИ ИЛИ НЕПОСРЕДНИ, СЕ ОГРАНИЧЕНИ СО РОКОВИТЕ ДАДЕНИ ПОГОРЕ. НЕКОИ ДРЖАВИ ИЛИ ДРУГИ ЈУРИСДИКЦИИ НЕ ДОЗВОЛУВААТ ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ПОСРЕДНИТЕ ГАРАНЦИИ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊА ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПОСРЕДНИТЕ ГАРАНЦИИ, ПА ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА МОЖЕ ДА НЕ ВАЖАТ ЗА ВАС.**

**ПРОИЗВОДИТЕ НА KINGSTON НЕ СЕ ОДОБРЕНИ ЗА УПОТРЕБА КАКО КРИТИЧНО ВАЖНИ ДЕЛОВИ ВО ОПРЕМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ ИЛИ ЗА ПРИМЕНА ПРИ КОЈА НЕИСПРАВНОСТ ИЛИ НЕРАБОТЕЊЕ НА ПРОИЗВОДОТ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА СИТУАЦИЈА ПРИ КОЈА Е ВЕРОЈАТНО ДЕКА ЌЕ ДОЈДЕ ДО ПОВРЕДА ИЛИ СМРТ. KINGSTON НЕ ОДГОВАРА ЗА СМРТТА НА КОЕ БИЛО ЛИЦЕ ИЛИ ЗА КАКВИ БИЛО ЗАГУБИ, ПОВРЕДИ ИЛИ ОШТЕТУВАЊА НА ЛИЦА ИЛИ ИМОТ ПОРАДИ КОРИСТЕЊЕ ПРОИЗВОДИ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ЗА ПРИМЕНИ ВО СЛЕДНИТЕ ОБЛАСТИ, И НЕ САМО ВО НИВ: ВОЕНА И ОПРЕМА ШТО ИМА ВОЕНА НАМЕНА, ОПРЕМА ЗА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ, СИСТЕМИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НЕПОГОДИ И МЕДИЦИНСКА ИЛИ ОПРЕМА СО МЕДИЦИНСКА НАМЕНА. ДОКОЛКУ ПОСТОЈАТ НАМЕРИ ЗА ТАКВА УПОТРЕБА, КОНТАКТИРАЈТЕ СО KINGSTON ЗА ДЕЛОВИ ШТО СЕ ПОГОДНИ ЗА ТАКВА НАМЕНА.**

**ЦЕЛОСНАТА ОДГОВОРНОСТ НА KINGSTON СПОРЕД ОВАА ИЛИ КОЈА БИЛО ДРУГА ГАРАНЦИЈА, НЕПОСРЕДНА ИЛИ ПОСРЕДНА, Е ОГРАНИЧЕНА НА ПОПРАВКА, ЗАМЕНА ИЛИ ВРАЌАЊЕ ПАРИ. ПОПРАВКАТА, ЗАМЕНАТА И ВРАЌАЊЕТО ПАРИ СЕ ЕДИНСТВЕНИТЕ И ИСКЛУЧИВИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ ЗА НАРУШУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈАТА ИЛИ КОЈА БИЛА ДРУГА ПРАВНА ТЕОРИЈА. ДО НАЈГОЛЕМА МОЖНА МЕРКА ДОЗВОЛЕНА СО ЗАКОНОТ, KINGSTON НЕ ОДГОВАРА ПРЕД КУПУВАЧОТ ИЛИ КРАЈНИОТ КОРИСНИК КУПУВАЧ НА ПРОИЗВОД НА KINGSTON ЗА КАКВИ БИЛО ШТЕТИ, ТРОШОЦИ, ИЗГУБЕНИ ПОДАТОЦИ, ИЗГУБЕНИ ПРИХОДИ, ИЗГУБЕНИ ЗАШТЕДИ, ИЗГУБЕНИ ДОБИВКИ ИЛИ КАКВИ БИЛО ДРУГИ СЛУЧАЈНИ ИЛИ ПОСЛЕДИЧНИ ШТЕТИ ШТО ПРОИЗЛЕГЛЕ ОД КУПУВАЊЕТО, КОРИСТЕЊЕТО ИЛИ НЕМОЖНОСТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ НА KINGSTON, ДУРИ И АКО KINGSTON БИЛ СВЕСЕН ДЕКА ПОСТОИ МОЖНОСТ ЗА ТАКВИ ШТЕТИ. НЕКОИ ДРЖАВИ ИЛИ ДРУГИ ЈУРИСДИКЦИИ НЕ ДОЗВОЛУВААТ ИСКЛУЧУВАЊЕ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛУЧАЈНИТЕ ИЛИ ПОСЛЕДИЧНИТЕ ШТЕТИ, ПА ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА ИЛИ ИСКЛУЧУВАЊА МОЖЕ ДА НЕ ВАЖАТ ЗА ВАС.**

**ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА ВИ ДАВА ОДРЕДЕНИ ЗАКОНСКИ ПРАВА, А МОЖЕ ДА ИМАТЕ И ДРУГИ ПРАВА ШТО СЕ РАЗЛИЧНИ ОД ДРЖАВА ДО ДРЖАВА ИЛИ ОД ЈУРИСДИКЦИЈА ДО ЈУРИСДИКЦИЈА.**

**ШТО СЕ ОДНЕСУВА ДО ГРАЃАНИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ДОКОЛКУ ПРОИЗВОДОТ ГО КУПИЛ ПОТРОШУВАЧ, А НЕ ДЕЛОВЕН КУПУВАЧ, ГАРАНЦИЈАТА НЕ ВЛИЈАЕ ВРЗ ВАШИТЕ СТАТУТАРНИ ПРАВА КАКО ПОТРОШУВАЧ. ОВАА ОГРАДА НЕ Е НАМЕНЕТА ДА ЈА ОГРАНИЧИ ИЛИ ИСКЛУЧИ ОДГОВОРНОСТА НА KINGSTON ЗА СМРТ ИЛИ ПОВРЕДА ПРЕДИЗВИКАНА ОД НЕГОВА НЕБРЕЖНОСТ ИЛИ ПОРАДИ ЛАЖНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ.**

Рев. ноември 2006 год.

† 10-годишна гаранција во Франција, Германија и Австрија